ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 19.03.2018 година во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалник Борјанчо Мицевски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, претставник од Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Иван Велиновски – Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска, Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет Биљана Тасевска, Советник за правни работи и застапување Мартин Николовски, Директор на ЈП Комуналец Миле Марковски и Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Дадена е информација во врска со тековните работи на ниво на ова одделение.

Дадено е задолжение да се подготвува ребаланс на буџетот поради потребата за финансирање на проект, поврзан со примарната гасификација на Крива Паланка.

Дадена е информација во врска со доставата на решенија за даноци на имот и комунална такса за фирмарина, која ја вршат комуналните редари, со осврт на динамиката на истата.

Истакната е потребата од распишување на јавна набавка за канцелариски материјали и јавна набавка за избор и ангажирање на агенција за привремени вработувања.

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Дадено е известување во врска со свлечиштето во с.Станци и мерките кои се преземаат за надминување на проблемот.

Дадена е информација во врска со одржан состанок на СИПР во Куманово и резимирање на заклучоците кои произлегле од истиот.

Наметната е идејата за санирање на Градскиот зелен пазар, со конкретни задолженија за разгледување на постапката, урбанистичко планската документација и пристапување кон изготвување на соодветен проект.

Дадено е задолжение за формирање на екипа за ѕидање на потпорни ѕидови, во соработка со ЈП Комуналец, со прецизирање на персоналниот состав и цената на услугите.

Дадено е задолжение за контактирање со проектант за хидротехнички работи и проектирање за неколку локации.

Дадена е информација во врска со динамиката на проектот за канализација во м.в.Мизовски ливади.

Дадена е информација во врска со другите тековни активности на ниво на одделение.

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Наметната е потребата од обележување на пешачки премини и поставување на сообраќајни знаци (хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација).

Дадена е информација во врска со слободни локации за паркинг долж улицата Св.Јоаким Осоговски на потегот од м.в.Мотел до м.в.Кланица во вкупна бројка од 279 слободни паркинг места, со задолжение да се подготви листа со точно одредување на локациите и бројот на паркинг места на секоја локација.

Нотирана е потребата од утврдување на период во текот на работното време кој да биде одреден за работа со странки, заради зачувување и подобрување на работната атмосфера во ова одделение, при што е одлучено ова одделение да работи со странки секој работен ден во периодот помеѓу 08-12 часот.

Дадено е задолжение за стапување во контакт со соодветна фирма за добивање на донација на нов надграден софтвер за ГИС и одредување на термин за спроведување бесплатна обука на 3 (три) лица за работа со истиот.

Дадена е информација дека Општината не поседува знак за забрането паркирање и запирање, кој треба да се постави зад Домот на културата, со цел да се овозможи брза и непречена интервенција на ТППЕ кога за тоа постои потреба и наметната е неопходната потреба од негова набавка.

Дадено е задолжение за разгледување и избор на подготвените идејни решенија за изградба и поставување на автобуски стојалишта.

Дадена е информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Дадено е задолжение за подготовка и испраќање до МИОА допис со барање за групна обука на лица вработени во општината и во установите под надлежност на општината за внесување податоци во систем.

Дадена е информација во врска со одржаната конститутивна седница на УО и НО на ЈП КАЛИН КАМЕН – Крива Паланка.

Дадена е информација во врска со подготовката на потребната документација и информации за самата постапка за распишување на интерен оглас за унапредување.

Дадена е информација во врска со планот за вработување за 2019 година.

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Дадена е информација во врска со завршени тендерски постапки.

Дадена е информација во врска со одржаната Седница на Советот на Општина Крива Паланка и техничката подготовка на одлуките, заклучоците и службеното гласило.

Дадено е задолжение за планирање на наредната Седница на Советот за 16 Април во 14:00 часот.

**Дадено е задолжение координацијата за Совет во перспектива да се одржува една недела пред одржување на седниците на Советот, а материјалите од соодветните одделенија да бидат изготвувани и доставувани до Одделението за правни и општи работи најдоцна три дена пред денот определен за координација**.

Дадена е информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**<u>Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија</u>**

Дадено е задолжение за подготовка на јавна набавка и поднесување на барање за тендер со спецификација од страна на ова одделение за изработка на инфраструктурен проект за гасификација.

Дадена е информација во врска со подготовка и разгледување на потенцијални идеи за проекти преку ИПА програмата за прекугранична соработка со Бугарија, со резиме дека сеуште нема конкретна идеја и проект, поради што е дадено задолжение најдоцна до крајот на работниот ден да се испрецизира конкретен проект со кој ќе се аплицира.

Дадена е кратка информација во врска со идејата за подготовка на проектна апликација за систем за рано предупредување од пожари преку СИПР и изнаоѓање на партнер од Република Бугарија.

Дадена е информација за одржан состанок на стопанствениците на подрачјето на Општина Крива Паланка, со осврт на донесените заклучоци.

Дадена е информација за одржана седница на Советот на млади на Општина Крива Паланка **на ден 16.03.2018 година во 12:00 часот**, во просториите на ЛУ Градски Музеј во Крива Паланка, со осврт на донесените заклучоци.

Дадено е задолжение за формирање на работна група за организација на меѓународниот фолклорен фестивал Свети Јоаким Осоговски 2018 година.

Дадено е задолжение за разработка на конкретни идеи за подготовка на проекти од областа на туризам и екологија преку Амбасадата на Швајцарија.

Дадена е информација за други тековни активности од делокругот на ова одделение.

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Дадена е информација во врска со постапката за отстранување на бараките зад MY MARKET и бараките на локацијата на стариот зелен пазар.

Наметната е потребата од отворена телефонска линија на која граѓаните ќе имаат можност и обврска да пријавуваат диви депонии, со цел навремено и ефикасно отстранување и расчистување на истите.

Дадена е идеја за воведување на „ѕид на срамот“ на веб страната на општината, каде што ќе се објавуваат фотографии од возила и огради со кои се узурпираат јавни површини и се нарушува изгледот и функционалноста на истите.

Дадена е информација во врска со спроведената Еколошка акција **на ден 17.03.2018 година**, со резимирање на резултатите и ефектот од истата.

Дадено е задолжение за отстранување на стебла и гранки кои надвиснуваат над јавни површини и коловози.

Дадена е информација за поставени 31 корпа за отпадоци на главната градска улица и најава за продолжување на акцијата, како и резимирање на ефектите од истата.

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Дадена е информација во врска со неисправни пумпи во фонтаната на плоштадот Карпошово востание и изнаоѓање на соодветно решение на проблемот.

Дадена е информација во врска со извршено перење на улицата Св.јоаким Осоговски на потегот Осички Мост – Градски Плоштад.

Дадена е информација во врска со пробно поставено плато за лоцирање на контејнери за отпад во близина на ученичкиот дом Боро Менков.

Дадена е информација во врска со други тековни активности кои произлегуваат од делокругот на ова претпријатие.

**ЛУ Градски Музеј**

Дадена е информација во врска со поднесен приговор до Министерството за култура заради одбивањето на апликациите за одредени проекти, кои беа поднесени до наведеното министерство.

Дадено е задолжение за дефинирање на активности по повод Денот на шегата – 1-ви Април, Меѓународниот ден на Ромите – 8-ми Април и Велигден, предвидени во програмата за култура.

Дадено е задолжение за продолжување на комуникацијата и контактите поврзани со проектот „Патот на свилата“.

Дадено е задолжение за пререгистрација на Фондацијата за развој на информатички технологии – Информатички центар Крива Паланка во Фондација „Со срце за Крива Паланка“ - Крива Паланка.

Дадено е задолжение за подготовка на проектна апликација за санација на фасадата на ЛУ Градски Музеј – Крива Паланка.

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**19.03.2018 година, Крива Паланка**